Република Македонија
Државен завод за статистика

МАКСТАТ

Класификации, методологии, номенклатури и стандарди

# СТОКОВНА РАЗМЕНА СПОРЕД ЕКОНОМСКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА

## - МЕТОДОЛОШКИ ОБЈАСНУВАЊА -

7.8.17.01

Скопје, 2017 година

Република Македонија
Државен завод за статистика

# МЕТОДОЛОШКО УПАТСТВО

## СТОКОВНА РАЗМЕНА СПОРЕД ЕКОНОМСКИТЕ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА

Скопје, јули 2017

**Издавач:**
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА
ул. "Даме Груев" бр.4, Скопје

**Телефон/Phone** +389/02/3295-600
**Факс/Fax** +389/02/3111-336

**Веб-страница/WEB site**: http:/www.stat.gov.mk

**Одговара:**
Апостол Симовски, в.д. Директор

**ВЕ МОЛИМЕ ПРИ КОРИСТЕЊЕТО НА ОВАА ПУБЛИКАЦИЈА, НАВЕДЕТЕ ГО ИЗВОРОТ**

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

339.56:658.1]:311(497.7)

МЕТОДОЛОШКО упатство : стоковна размена според економските карактеристики на претпријатијата. - Скопје : Државен завод за статистика, 2017. - 9 стр. ; 29 см. - (Класификации, методологии, номенклатури и стандарди, ISSN 1409-7044 ; 7.8.17.01)

ISBN 978-608-227-268-9

а) Надворешнотрговска размена - Претпријатија - Македонија - Статистика

COBISS.MK-ID 103669258

# СОДРЖИНА

страна

1. Вовед ..................................................... 4
2. Правни основи ..................................................... 4
3. Извор на податоците ..................................................... 4
4. Предмет на набљудување ..................................................... 5
5. Период на набљудување ..................................................... 5
6. Опфат ..................................................... 5
7. Прибирање на податоци и индикатори ..................................................... 5
8. Дефиниции и објаснувања ..................................................... 6
9. Класификации ..................................................... 7
10. Доверливост ..................................................... 9
11. Објавување ..................................................... 9
12. Ревизија ..................................................... 9

## 1. Вовед

Статистиката на надворешната трговија ја мери вредноста и количината на стоките што се разменуваат помеѓу земјите. Таа е еден од најзначајните статистички индикатори за перформансите на националните и светските економии. Овој вид на статистики го следат протокот на стоки преку националните граници и се користат за донесување на одлуки како во јавниот, така и во приватниот сектор, на пример, за билатерални и мултилатерални трговски преговори, за планирање и управување на економската, трговската и монетарната политика, за истражување на пазарот и комерцијални стратегии итн. Статистиката на надворешната трговија е инпут во макроекономските статистики како што се статистиката на Платниот биланс и Системот на национални сметки.

Клучни белези во статистиката на надворешната трговија се партнер-земја и производ, и во текот на нејзината долга историја, основниот карактер на статистиката на надворешната трговија и понатаму останува непроменет. Нивната цел е да се одговори на прашањата : „Кои производи земјите ги увезуваат или извезуваат во други земји?“. Како и да е, би било уште потешко да се одговори на прашањето: „Кои видови на бизниси се зад овие трговски текови?” . Статистиката на надворешната трговија, по својата природа, не дава експлицитни информации за карактеристиките на претпријатијата.

Една од главните идни развојни области за статистиката на надворешната трговија е нејзиното поврзување со останатите статистики. Статистиката на стоковната размена според економските карактеристики на претпријатијата овозможува да се измери учеството на реалните економски сектори во трговијата, како и надополнување на бизнис податоците со детални информации за трговијата. Овие податоци овозможуваат анализа на ефектите на меѓународната трговија врз производството, вработеноста и резултатите на претпријатијата.

## 2. Правни основи

Процесот на хармонизација на националната методологија и регулатива со ЕУ регулативите и законодавството на Европската унија е зајакнат со спроведувањето на новиот модул - статистика на стоковната размена според економските карактеристики на претпријатијата. Регулативата (ЕЗ) бр. 471/2009 на Европскиот парламент и на Советот од 6 мај 2009, која се јавува како основа за спроведување на статистиката на надворешната трговија преку имплементирање на новата активност, во голем степен е усогласена со националниот статистички систем.

Национални правни основи: Закон за државната статистика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/97, 21/07, 51/11, 104/13, 42/14, 192/15 и 27/16) и Програма за статистички истражувања 2013-2017 („Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/13, 24/14, 13/15 и 7/16).

## 3. Извор на податоците

### 3.1. Податоци за статистиката на надворешната трговија - ЕКСТРАСТАТ податоци

Во спроведувањето на статистиката на надворешната трговија, Државниот завод за статистика ги следи европските барања на ЕВРОСТАТ за трговијата на земјите од Унијата со останатите земји кои не се членки на Унијата (ЕКСТРАСТАТ) и Меѓународните стокови и трговски статистички концепти и дефиниции на статистичката служба на Обединетите нации (во натамошниот текст ИМТСЦД). Имајќи го предвид фактот дека основен извор на податоци за статистиката на надворешно- трговската размена

во Република Македонија е царинската декларација (Единствен царински документ), националната царинска легислатива којашто се базира на Царинскиот код на Унијата, исто така, претставува правна основа за статистиката на надворешната трговија. Статистиката за надворешната трговија се спроведува во согласност со системот на специјална трговија (проширена дефиниција), дефиниран во препораките на ИМТСЦД.

### 3.2. Статистички деловен регистар на Република Македонија

Статистичкиот деловен регистар кој се води од страна на Државниот завод за статистика е сеопфатна база на податоци која содржи податоци за деловните субјекти (правни и физички лица) и нивните организациски единици кои вршат дејност на територијата на Република Македонија, без оглед на нивната големина, организациска (правна) форма, институционален сектор или сектор на дејности од Националната класификација на дејностите од каде што се добиваат информации за нивните главни дејности.

## 4. Предмет на набљудување

Предмет на набљудување се претпријатијата кои во периодот на набљудување извезуваат стоки во други земји (извозници) и/или увезуваат стоки од други земји (увозници).

## 5. Период на набљудување

Период на набљудување е календарската година. Во податоците од Статистичкиот деловен регистар на Македонија референтниот период на набљудување се однесува на состојбата на 31 декември.

## 6. Опфат

Опфатена е трговијата со стоки од сите претпријатија кои се вклучени во периодот на набљудување во согласност со статистичката покриеност во статистиката на надворешната трговија за национални потреби, со исклучок на трговијата реализирана од страна на физички лица. Учеството на физичките лица во трговската размена е незначајно.

## 7. Прибирање на податоци и индикатори

Податоците се подготвени со поврзување на деталните податоци за стоковната размена со детални податоци од Статистичкиот деловен регистар. Сите податоци се изразени во број на претпријатија и вредност на стоковната размена за извоз и за увоз.

Податоците се прикажани во следниве групи на табели:

- Табела: Стоковна размена според секторите на дејност и вид на претпријатијата

Со оваа табела се обезбедува информација за тоа како претпријатијата се вклучени во меѓународната трговија. Таа го покажува бројот на претпријатија кои учествуваат само во еден вид на трговија или во двата вида и вредностите што ги остваруваат овие претпријатија.

- Табела: Стоковна размена според секторите на дејност и големината на претпријатијата

Оваа табела има за цел да го покаже придонесот на економските сектори и големината на претпријатијата (според бројот на вработени) во вкупната трговија. Овие податоци овозможуваат

анализа на ефектите на меѓународната трговија врз вработеноста, како и оценка на важноста на малите и средните претпријатија за стоковната размена.

- Табела: Концентрација на стоковната размена по вредност според секторите на дејност

Меѓународната трговија обично е концентрирана во неколку претпријатија. Оваа табела има за цел да покаже колку од вкупната стоковна размена отпаѓа на првите 5, 10, 20 итн. претпријатија.

- Табела: Стоковна размена по групации на земјите и сектори на дејност

Оваа табела го прикажува бројот на претпријатија кои тргуваат со одредени земји или групи на земји и нивната вредност. Податоците во табелата овозможуваат да се идентификуваат заедничките извозни или увозни пазари.

- Табела: Стоковна размена според бројот на партнер-земји и секторите на дејност

Оваа табела го прикажува бројот на партнер-земјите од каде што стоката се увезува или извезува од страна на претпријатијата од соодветните сектори на дејност.

- Табела: Стоковна размена според производи и сектори на дејност

Оваа табела прикажува кои сектори на дејност се вклучени во трговијата на секоја група на производи. Податоците овозможуваат трговијата на секој производ да се поврзе со дејноста на претпријатието кое ја врши трговијата.

- Табела: Стоковна размена по производи и региони според Номенклатурата НТЕС (Номенклатура на територијални единици за статистика)

Оваа табела прикажува кои региони се вклучени во трговијата на секоја група на производи. Податоците овозможуваат трговијата на секој производ да се поврзе со регионот во кој е регистрирано седиштето на тоа претпријатие

- Табела: Стоковна размена според интензитетот на извозот и сектори на дејност

Оваа табела ги категоризира претпријатијата според важноста на странските пазари во нивните продажби. Хетерогеноста на претпријатијата станува значаен индикатор во современиот развој на глобалниот пазар

- Табела: Стоковна размена по сектори на дејност

Оваа табела го прикажува учеството на секторите, отсеците и групите на економските активности (дејности) на претпријатијата во вкупната трговија. Овој индикатор може да се користи за анализа на атрактивноста на секоја од економските активности на претпријатијата во извозно-увозните пазари. Исто така, варијаблите од оваа табела може да се поврзат и да се анализираат вкрстено со индикаторот за интензитет на извозот.

Табела: Стоковна размена според земјите-партнери и големината на претпријатијата

Оваа табела го прикажува бројот на претпријатијата според нивната големина (според бројот на вработени) кои тргуваат со одредени земји-партнери или групации на земји и вредноста која ја реализираат (остваруваат) во таа трговија. Овој индикатор има за цел да ги идентификува вообичаените извозни или увозни пазари според големината на претпријатијата.

## 8. Дефиниции и објаснувања

**8.1. Број на претпријатија** е број на регистрирани правни или физички лица кои во текот на годината на набљудување тргувале со стока со други земји.

**8.2**. **Големина на претпријатијата** се утврдува според бројот на вработени во претпријатието. Податоците според овој индикатор се поделени во следниве групи на претпријатија: микро претпријатија (1-9 вработени), мали претпријатија (10-49 вработени), средни претпријатија (50-249 вработени) и големи претпријатија (250 или повеќе вработени).

**8.3**. **Вработени** ги опфаќа лицата кои се вработени и самовработени лица со задолжително социјално осигурување, без оглед на тоа дали тие се вработени со полно или со скратено работно време.

**8.4. Вредност на стоката** е искажана врз основа на цените што ги постигнале претпријатијата при склучување на договорите. Сите вредности за увезената и за извезената стока се пресметани врз база на паритетот франко-македонска граница. Вредноста на стоките увезени или извезени после преработката е таканаречена бруто-вредност и ја вклучува вредноста на увезените или извезените стоки (материјали) плус вредноста на извршената услуга.

**8.5. Опфат на стоките**

Целта на статистиката на надворешно-трговската размена е да го евидентира целокупниот увоз или извоз на стоки кои ги зголемуваат или намалуваат материјалните ресурси на земјата и имаат директно влијание на националната економија. Извозот опфаќа: редовен извоз, извоз заради облагородување во странство, извоз во странство после внатрешна преработка или преработка под царинска контрола. Увозот опфаќа: редовен увоз, увоз за внатрешна преработка или преработка под царинска контрола, увоз по извршено облагородување во странство.

**8.6. Земја-партнер**

Како земја-партнер во извозот се прикажува земјата на дестинација, а кај увозот се прикажува земјата на потекло.

**8.6.1. Земја на потекло**

Земјата на потекло укажува на земјата во која стоките се целосно произведени или каде што е направена последната значајна промена.

**8.6.2. Земја на последна позната дестинација**

Земја на последна позната дестинација укажува на последната земја којашто е позната во време на пуштање на стоките во царинска постапка или царинска дозволена постапка дека стоките треба да бидат испорачани.

**8.7. Интензитет на извозот**

Интензитетот на извозот укажува на учеството на извозот во прометот на претпријатијата (се пресметува како однос помеѓу извозот и прометот).

**9. Класификации**

Податоците се обработени со примена на следниве класификации:

- Национална класификација на дејности - НКД Рев.2

Класификација на производите по дејности (КПД)

- Класификација на земји - 3166 ISO алфа - 2 код

### 9.1. Национална класификација на дејностите - НКД Рев.2

Националната класификација на дејностите - НКД Рев.2, во својата содржина и структура, е целосно хармонизирана со европската Класификација на дејностите НКД Рев.2 (Регулатива (ЕК) бр. 1893/2006 на Европскиот парламент и на Советот од 20 декември 2006 за поставување на статистичката класификација на економските активности НКД Ревизија 2 и изменување на Регулативата на Советот (ЕЕК) бр. 3037/90, како и одредени Регулативи на Советот за конкретни статистички домени OJL/363).

Во табелите претпријатијата се групирани на следниов начин:

| **НКД Рев.2** | **Опис** |
|---|---|
| Б_В_Г_Д | Индустрија |
| Е | Трговија |
| Други_БВГДЕ | Останати сектори на дејност на НКД (различни од Индустрија и Трговија) |

**НКД Рев.2**

**Опис на секторите**

| | |
|---|---|
| **А** | Земјоделство, шумарство и рибарство |
| **Б** | Вадење на руди и камен |
| **В** | Преработувачка индусрија |
| **Г** | Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација |
| **Д** | Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санација на околината |
| **Ѓ** | Градежништво |
| **Е** | Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли |
| **Ж** | Транспорт и складирање |
| **З** | Објекти за сместување и сервисни дејности со храна |
| **S** | Информации и комуникации |
| **И** | Финансиска дејност и дејности на осигурување |
| **Ј** | Дејности во врска со недвижен имот |
| **К** | Стручни, научни и технички дејности |
| **Л** | Административни и помошни услужни дејности |
| **Љ** | Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување |
| **М** | Образование |
| **Н** | Дејности на здравствена и социјална заштита |
| **Њ** | Уметност, забава и рекреација |
| **О** | Други услужни активности |
| **П** | Активности на домаќинствата како работодавачи; дејности на домаќинствата кои произведуваат разновидна стока и вршат различни услуги за сопствени потреби |
| **Р** | Дејности на екстериторијални организации и тела |

### 9.2. Класификација на производи по дејности, КПД

Класификацијата на производи по дејности е донесена со одлука на Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/97 од 21/07/2009) како главна статистичка класификација на производи по дејности кои се дистрибуираат според критериумот за економско потекло и се структурирани според Националната класификација на дејностите, НКД Рев.2.

### 9.3. Класификација на земји, ИСО 3166

ИСО 3166 алфа-2 кодови се користат од страна на статистиката на надворешната трговија како Класификација на земји, додека Геономенклатурата - Номенклатура на земји и територии за статистиката на стоковната размена на Унијата и статистиката на стоковната размена помеѓу земјите-членки на Унијата, се користи за економските групации на земјите.

## 10. Доверливост

За стоковната размена според економските карактеристики на претпријатијата, активната доверливост е поприменлив концепт отколку пасивната доверливост бидејќи податоците се расчленети по карактеристики на статистички единици. Исто така, повеќето индикатори за стоковната размена по економски карактеристики се изразени не само по вредност, туку и по број на претпријатија. Тоа може да создаде ситуација во која статистичките единици би можеле да бидат директно или индиректно идентификувани. Членовите 8 и 9 од Регулативата (ЕЗ) бр. 471/2009 на Европскиот парламент и на Советот од 6 мај 2009 година, во делот кој го регулира спроведувањето на статистиката за стоковна размена по економски карактеристики, јасно ја пропишуваат употребата на активна доверливост. Доверливоста е направена со користење на софтверската програма Т-Аргус. Потврдување на опсежната имплементација на доверливоста во насока дали секундарната доверливост е целосно применета, се прави со користење на макро за валидација.

## 11. Објавување

Податоците за стоковната размена по економски карактеристики на претпријатијата се објавуваат годишно, не подоцна од 18 месеци по периодот на набљудување, во соопштение и во МакСтат базата на податоци.

## 12. Ревизија

Податоците за стоковната размена по економски карактеристики на претпријатијата се конечни со првото соопштение. Единствено, во исклучителни ситуации, можат да се ревидираат, особено како резултат на ревизијата на конечните годишни податоци за статистиката на надворешната трговија, промени во методологијата на истражувањето на ниво на ЕУ, промени во класификациите на претпријатија или стоки, или методолошки подобрувања.